MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12 - 1335
13 -03- 2020

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 28 -та седница одржана на ден 29 Февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-1550/1 од 16.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител – ---------------------------------------------, а со која се изразуваат сомневања за злоупотреби на службената положба и овластувањата сторени од страна на Директорот на --------------------------- во периодот ---------------------- година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-1550 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 1550/1 од од 16.03.2019 година.

Предметот со број 12-1550 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-1550 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-1550/1 од 16.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, -------------------------------------------------------.

Пријавата содржи наводи за злоупотреби на службената положба и овластувањата сторени од страна на Директорот -------------------- во периодот --------------------- година кога посоченото службено лице наведената функција ја вршело во ---------------------------------------------------------------------------------.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено, а напоредно со тоа изврши и соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност. Имено, за утврдување на целосната фактичка состојба во предметниот пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барање заради прибавување на податоци и информации од ------------------------- од аспект на прашањата за тоа дали посоченото лице ја вршело функцијата директор како Вршител на должност на определено време, за периодот на вршење функцијата Вршител на должноста Директор ---------------------, како и податоци и информации за постапката за избор на истото лице на функцијата Директор, а воедно и други кои се однесуваат на остварувањето на предметот на работење и на финансикото работење на ова ---------------------- во време кога со истото раководело(и) посоченото лице.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Бр. 12-133/5
13-03-2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Последователно, Државната комисија изврши увид и анализа на прибавените списи од ---------------------, вклучително со образложение за причините за -------------------, односно и за разрешување на ваквата состојба и на состојбите предизвикани, во посочениот период, од -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------.

Државната комисија поодделно ја ценеше и останатата содржина на прибавените информации и документација, доставени од --------------------------------, а кои се однесуваат на надминувањето на состојбите во ----------------------------, како е погоре наведено, на резултатите и ефектите од вршењето на функцијата на службеното лице ----------------------, а врз основа на кои, севкупно гледано Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите на подносителот на пријавата не се потврдуваат.

Имено, севкупно гледано од извршените административни проверки не се потврдуваат сомневањата за корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на службеното лице Директор --------------------------- ниту истите би можеле да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 29 Февруари 2020 година под бр. 12-133/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По Заклучок на ДКСК
Изработил Христина Мишевска, Советник
Одобрил Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk